
НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Република Северна Македонија
Министерство за култура
54
МАЈСКИ
ОПЕРСКИ
ВЕЧЕРИ
MAY OPERA EVENINGS | MBRËMJET E 54 TË OPERËS SË MAJIT
9-31.5.2026

# СПОНЗОРИ

ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CASINOS AUSTRIA

SPARKASSE Bank

EVN

Embassy of Japan in North Macedonia

Австриска амбасада

Embassy of the People's Republic of China in North Macedonia

Embasyy od the Czech Republic in Skopje

CASINOS AUSTRIA International Macedonia · МРТ 1 · KEUNE HAIRCOSMETICS · MacSun · НЕТПРЕС · MARATON · TIKVEŠ 1885 CHÂTEAUX & DOMAINES · Antenna 5 Radio Network Macedonia · FASHIONGROUP

OKTA · Hotel Macedonia Square · NEPTUN · ALSAT · 24 ВЕСТИ · club fm · city radio · METROPOLIS · LIFE RADIO 89.1 · наша ТВ · РАДИО МЕФФ · VIKIŠKI commerce

# РЕПЕРТОАР

## МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ

**2026**
9-31 МАЈ



9.5 | „СЕСТРА АНЏЕЛИКА, ЏАНИ СКИКИ“
***ЏАКОМО ПУЧИНИ (ПРЕМИЕРА)***

13.5 | „РИГОЛЕТО“
***ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ***

16.5 | „ТОСКА“
***ЏАКОМО ПУЧИНИ***

20.5 | „МАДАМ БАТЕРФЛАЈ“
***ЏАКОМО ПУЧИНИ***

22.5 | „ЛЕБЕДОВО ЕЗЕРО“
***П.И.ЧАЈКОВСКИ***

27.5 | „ТРАВИЈАТА“
***ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ***

31.5 | „НАБУКО“
***ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ***

## МАЈСКИТЕ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ СЕ ОГЛЕДАЛО НА ТОА КОИ СМЕ И СТАНДАРДОТ ШТО ГО ПОСТАВУВАМЕ!

Мајските оперски вечери никогаш не сум ги доживувал како обичен фестивал. За мене, тие се огледало, најискреното огледало на тоа кои сме како институција, како тим, како култура. Огледалото не лаже. Тоа покажува дали навистина даваме сè од себе.

Оваа година, приказната ја започнуваме со маестралниот Пучини и двете премиери, „Сестра Анџелика“ и „Џани Скики“, дела што носат силна емоција и нова енергија на сцената. Потоа, следи Вердиевиот „Риголето“, драма за човечката судбина, по што доаѓа „Тоска“, опера што ја носи тензијата на љубовта и моќта до своите крајности.

„Мадам Батерфлај“ ја истакнува најдлабоката човечка емоција, љубов, жртва и тишина што останува. Со „Лебедово езеро“ ја внесуваме магијата на балетот и чистата сценска убавина, додека „Травијата“ нè потсетува на кревкоста на љубовта и изборите што ја дефинираат. И на крај, „Набуко“, силно, колективно финале што моќно ја заокружува целата приказна.

Ова е внимателно креирана целина. И зад неа стои тим што секојдневно работи да создаде нешто што има вистинска вредност.
Денес, повеќе од кога било, публиката знае да препознае разлика. Разлика помеѓу просек и квалитет. Помеѓу нешто што е направено затоа што мора и нешто што е создадено со вистинска посветеност. Мајските оперски вечери се токму тој тест. Не само за уметноста, туку и за сите нас што стоиме зад неа.

Затоа изборот е јасен. Да не прифаќаме просечност. Да поставуваме стандарди што се гледаат, се чувствуваат и се паметат. Да продолжиме напред, погласно, подобро и посилно.

Ова што го градиме не е само за оваа сезона. Ова е за иднината на институцијата, за довербата на публиката и за тоа каква култура сакаме да оставиме. Затоа ве поканувам, не само да дојдете, туку и да бидете дел од оваа приказна. Дел од искуството. Дел од Мајските оперски вечери!

**ОЛИВЕР АРСОВСКИ**
**ДИРЕКТОР НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРА И БАЛЕТ**




9.5.2026, 20 ЧАСОТ
ЏАКОМО ПУЧИНИ
ПРЕМИЕРА
СЕСТРА АНЏЕЛИКА

# СЕСТРА АНЏЕЛИКА

## ЏАКОМО ПУЧИНИ (ПРЕМИЕРА)

## 9 МАЈ, 20 ЧАСОТ

**КРАТКА СОДРЖИНА:**

Во еден италијански манастир, околу 1600 година, веќе седум години повлечено живее сестра Анџелика, ќерка на царското семејство Галтијери. Таа е испратена во манастир за да го искупи својот грев – во младоста ја завело едно момче и родила вонбрачно дете.

Кога во манастирот доаѓа нејзината тетка, царицата Ција, ѝ соопштува на Анџелика дека само таа е казнета со изолација, додека момчето кое сѐ уште го љуби, ќе се ожени со сестра ѝ Виола. Истовремено, царицата немилосрдно ѝ кажува и дека нејзиното дете починало пред три години и дека тоа за семејство претставувало олеснување.

Кога царицата си заминува, Анџелика се простува од сестрите и испива отров. Умирајќи, ѝ се причинува дека Богородица ѝ го донесува нејзиното дете, кое што таа го прегрнува и така заминува од овој свет.



Диригент: Џанлука Мартиненги – Италија
Режисер: Пјер Франческо Маестрини – Италија
Сценограф: Гилермо Нова – Шпанија
Костимограф: Кристина Ачети – Италија
Асс. Костимограф: Валентина Волпи – Италија
Светло дизајн: Милчо Александров
Асс Диригент : Катерина Стојковска
Асс.Режисер: Трајко Јордановски,
Љупка Јакимовска
Концерт мајстор: Климент Тодороски
Хор мајстор: Јасмина Ѓорѓеска
Корепетитори: Елена Сиљаноска, Јанинка Невчева, Андреја Наунов, Анастасија Грговска
Инспициенти: Драган Костадиновиќ, Марко Павлевски, Катерина Бошковска
Суфлер: Невена Георгиева, Ивана Јордановска

**НАСТАПУВААТ:**

СЕСТРА АНЏЕЛИКА: Валентина Бои – Италија
ПРИНЦЕЗАТА (нејзината тетка): Бенедета Мазето- Италија
БАДЕСА ИГУМЕНИЈА: Марика Поповиќ
СЕСТРА СЕНТРИЧЕ: Николина Јаневска
ГОСПОДАРКА НА ИСКУШЕНИЦИТЕ: Соња Пендовска Мадевска
СЕСТРА ЏЕНОВЈЕФА: Биљана Јосифов
СЕСТРА ОСМИНА: Марија Наумовска
СЕСТРА ДОЛЧИНА: Ана Ројдева
МЕДИЦИНСКА СЕСТРА: Злата Тошевска Димовска
СЕСТРА НА МИЛОСРДИЕТО: Јаворка Витанова
ИСКУШЕНИЧКА: Десанка Глигоријевиќ
СЕСТРА ИСКУШЕНИЧКА: Билјана Бајевска
ПРВА ЛАИЧКА СЕСТРА: Елена Голомеова
ВТОРА ЛАИЧКА СЕСТРА: Теодора Пејиќ Зајкова
СИН НА СЕСТРА АНЏЕЛИКА: Давид Туфекџиевски

ХОРОТ И ОРКЕСТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРА И БАЛЕТ

# СЕСТРА АНЏЕЛИКА

## ЏАКОМО ПУЧИНИ (ПРЕМИЕРА)

## 9 МАЈ, 20 ЧАСОТ


9.5.2026, 20 ЧАСОТ
ПРЕМИЕРА
ЏАНИ СКИКИ
ЏАКОМО ПУЧИНИ

# ЏАНИ СКИКИ

## ЏАКОМО ПУЧИНИ (ПРЕМИЕРА)

## 9 МАЈ, 20 ЧАСОТ



**КРАТКА СОДРЖИНА:**

Во Фиренца, во 1299 година, роднините на богаташот Буозо Донати се собрани околу неговото мртво тело, желни за наследство. Сакајќи да ги проверат гласините дека целото наследство му го оставил на еден манастир, го отвораат тестаментот и останувaaт разочарани кога ќе дознаат дека тоа е вистина.

Го повикуваат Џани Скики да им помогне и тој добива идеја да направат измама, бидејќи веста за смртта на Буозо уште не е раширена. Легнува во креветот на покојникот, преправајќи се дека е тој и го повикува нотарот, кому му диктира нов тестамент, во кој најголемиот дел од богатството си го припишува себе си.

Откако станува господар на сè, ги брка алчните роднини и ѝ се обраќа на публиката, објаснувајќи ѝ дека сето тоа го направил за иднината на својата ќерка Лаурета и идниот зет Ринучо. Потоа, ги благословува младите, посакувајќи им среќа во животот.

Диригент: Џанлука Мартиненги – Италија
Режисер: Пјер Франческо Маестрини – Италија
Сценограф: Гилермо Нова – Шпанија
Костимограф: Кристина Ачети – Италија
Асс. Костимограф: Валентина Волпи – Италија
Светло дизајн: Милчо Александров
Асс Диригент: Катерина Стојковска
Асс. Режисер: Трајко Јордановски, Љупка Јакимовска
Концерт мајстор: Климент Тодороски
Корепетитори: Елена Сиљаноска, Јанинка Невчева, Андреја Наунов, Анастасија Грговска
Инспициенти: Драган Костадиновиќ, Марко Павлевски, Катерина Бошковска
Суфлер: Невена Георгиева, Ивана Јордановска

**НАСТАПУВААТ:**

ЏАНИ СКИКИ: Роберто Де Кандиа – Италија
ЛАУРЕТА, неговата ќерка: Ана Дурловски
ЦИТА: Николина Јаневска
РИНУНЧО: Гуо Ѕ- Жао – Кина
ГЕРАРДО: Јане Дунимаглоски
НЕЛА: Биљана Јосифов
ГЕРАРДИНО: Јован Јосифов
БЕТО ДИ СИЊА: Диме Петров
СИМОНЕ: Игор Дурловски
МАРКО: Драган Ампов
ЧЕСКА: Злата Тошевска Димовска
МАЕСТРО СПИНЕЛОЧО: Невен Силјановски
НОТАР: Владимир Саздовски
ПИНЕЛИНО: Марко Димовски
ГУЧО: Тихомир Јанкимовски

ХОРОТ И ОРКЕСТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРА И БАЛЕТ

# ЏАНИ СКИКИ

## ЏАКОМО ПУЧИНИ (ПРЕМИЕРА)

## 9 МАЈ, 20 ЧАСОТ


РИГОЛЕТО
ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ
13 МАЈ, 20 ЧАСОТ

# РИГОЛЕТО

## ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ
## 13 МАЈ, 20 ЧАСОТ





**КРАТКА СОДРЖИНА:**

Во една од најпотресните оперски приказни на Џузепе Верди, сместена во XVI век, во Мантова и непосредната околина, грбавиот старец Риголето е дворски шут, чие задолжение е да го забавува својот развратен господар, Војводата од Мантова. Во една од своите „шеги“, исмевајќи го Грофот Монтероне, Риголето бива проколнат. Клетвата, набргу го стигнува...

Неговата ќерка Џилда, која со сите сили татковски се обидува да ја заштити од ниските страсти на општеството, е грабната и однесена во одаите на Војводата, кој претходно го освојува нејзиното срце, лажно претставувајќи ѝ се како студент. Откако Војводата ќе ја обесчести, Риголето одлучува да му се одмазди. Планира негово убиство, чиј план, во последен момент, нема да успее. Сѐ уште вљубена во својот напаствувач, Џилда одлучува да го спаси и наместо него, да поита кон остриот нож на убијците Спарафучил и Мадалена.

По шокот од сознанието дека Џилда е убиена, татковското срце на Риголето е скршено, а клетвата остварена...

Диригент: Џанлука Мартиненги – Италија
Режисер: Пјер Франческо Маестрини – Италија
Асс.Диригент : Катерина Стојковска
Асс. Режисер: Трајко Јордановски,
Љупка Јакимовска
Сценограф: Гилермо Нова – Шпанија
Костимограф: Кристина Ачети – Италија
Асс. Костомограф : Ангела Богевска
Концерт мајстор: Јане Бакевски
Светло дизајн: Милчо Александров
Хор мајстор: Јасмина Ѓорѓеска, Ѓурѓица Дашиќ
Кореограф: Саша Ефтимова
Корепетитор: Елена Сиљаноска, Јанинка Невчева,
Андреја Наунов, Анастасија Грговска
Инспициенти: Драган Костадиновиќ,
Марко Павлевски, Катерина Бошковска
Суфлери: Невена Георгиева, Ивана Јордановска

НАСТАПУВААТ:
РИГОЛЕТО: Даниеле Луис Де Висенте – Италија
ЏИЛДА: Ана Дурловски
ВОЈВОДАТА ОД МАНТОВА: Дашуаи Чен – Кина
СПАРАФУЧИЛ: Владимир Саздовски
МАДАЛЕНА: Николина Јаневска
МОНТЕРОНЕ: Борко Биџовски
МАРУЛО: Драган Ампов
БОРСА: Јане Дунимаглоски
ГРОФИЦА ЧЕПРАНО: Ана Ројдева
ГРОФ ЧЕПРАНО: Диме Петров
ЏОВАНА: Марика Поповиќ
ПАЖ: Десанка Глигоријевиќ
ОФИЦЕР: Диме Петров

ХОРОТ И ОРКЕСТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРА И БАЛЕТ

# РИГОЛЕТО

## ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ

## 13 МАЈ, 20 ЧАСОТ


ТОСКА
ЏАКОМО ПУЧИНИ
16 МАЈ, 20 ЧАСОТ

# ТОСКА

## ЏАКОМО ПУЧИНИ

## 16 МАЈ, 20 ЧАСОТ

**КРАТКА СОДРЖИНА:**

1800-тата година, во Рим, пејачката Флорија Тоска му е љубовница на сликарот Марио Каварадоси, но истовремено, неа ја посакува и озогласениот шеф на полицијата, Скарпија. Додека во црквата ја слика Магдалена, Марио му помага на избеганиот осуденик Анџелоти да се скрие од полицијата.

Во потрагата по бегалецот, Скарпија го апси Марио и го изложува на сурови мачења. Во својата соба, Скарпија ја повикува Тоска и ѝ ветува дека Марио ќе биде спасен, доколку таа ја прифати неговата љубовна понуда. Сфаќајќи дека животот му зависи од неа, таа се согласува на непристојниот предлог, но Скаприја ја прелажува – со ветување дека ќе организира лажно стрелање, тој потпишува наредба Марио да биде убиен. Во моментот кога сака да ја земе во прегратка, таа одненадеж го убива со нож.

Во тврдината Сан Анџело, Марио е стрелан, а Тоска, мислејќи дека стрелањето е лажно, залудно го чека да стане. Кога сфаќа дека е убиен, ги здогледува и агентите кои ја бараат бидејќи убиството на Скарпија е откриено. Решена да не се предаде, се фрла од тврдината.





Диригент: Марчин Наленч – Њешјоловски – Полска
Режисер: Огњан Драганов – Бугарија
Сценограф: Зоран Николовски
Костимограф: Марија Пупучевска
Асс. Диригент: Катерина Стојковска
Асс. Режисер: Дејан Прошев
Концерт мајстор: Јане Бакевски
Хор мајстор: Ѓурѓица Дашиќ, Јасмина Ѓорѓеска
Корепетитори: Елена Сиљаноска, Јанинка Невчева, Андреја Наунов, Анастасија Грговска
Испициенти: Драган Костадиновиќ, Марко Павлевски, Катерина Бошковска
Суфлери: Невена Георгиева, Ивана Јордановска



НАСТАПУВААТ:
ФЛОРИЈА ТОСКА: Марија Јелиќ – Србија
КАВАРАДОСИ: Милен Бошков – Бугарија
СКАРПИЈА: Иван Инверарди – Италија
АНЏЕЛОТИ: Владимир Саздовски
КЛИСАР: Драган Ампов
СПОЛЕТА: Марјан Николовски
ШАРОНЕ: Кристијан Антовски
КЛУЧАР: Никола Чедомировски
ОВЧАРЧЕ: Десанка Глигоријевиќ

ХОРОТ И ОРКЕСТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРА И БАЛЕТ

# ТОСКА

## ЏАКОМО ПУЧИНИ

## 16 МАЈ, 20 ЧАСОТ


МАДАМ БАТЕРФЛАЈ
ЏАКОМО ПУЧИНИ
20 МАЈ, 20 ЧАСОТ

# МАДАМ БАТЕРФЛАЈ

## ЏАКОМО ПУЧИНИ

## 20 МАЈ, 20 ЧАСОТ





**КРАТКА СОДРЖИНА:**

Трагиката на младата Јапонка Чо Чо Сан, која уште ја нарекуваат „Батерфлај", ја слика приказната во јапонскиот град Нагасаки, на почетокот на XX век. Приказна за една изгубена љубов, која истовремено е и ода за искрената верба и саможртвата како бегство од несреќната судбина.

Радоста и чистата љубов на Чо Чо Сан заради венчавањето со американскиот морнарски офицер Пинкертон (по кое тој заминува во Америка), постепено преминува во долго, меланхолично, копнеечко исчекување за негово повторно враќање, кое на крајот се претвора во длабоко разочарување од реалноста на она што ѝ е предодредено – несреќна напуштена жена, на која ќе ѝ биде одземен и синот и која ќе изврши самоубиство со кое го зачувува своето достоинство.

Музички јасно насликаните детали и успешното проникнување во атмосферата на Далечниот Исток, надополнети со неверојатно возбудлив конгломерат од нежна, интимна лирика и интензивни драмски експлозии, го чинат вонвременски вреден овој изблик на италијанската оперска уметност.

Диригент: Мирон Михајлидис – Грција
Асс. Диригент: Катерина Стојковска
Режисер: Александар Текелиев (Бугарија)
Асс.Режисер: Трајко Јордановски,
Љупка Јакимовска
Сценограф: Живојин Трајановиќ
Костимограф: Лира Грабул
Концерт-мајстор: Верица Ламбевска
Асс. хор мајстор:Јасмина Ѓорѓеска, Ѓургица Дашиќ
Корепетитори: Елена Сиљаноска, Јанинка Невчева,
Андреја Наунов, Анастасија Грговска
Инспициенти: Драган Костадиновиќ,
Марко Павлевски, Катерина Бошковска
Суфлери: Невена Георгиева, Ивана Јордановска

<u>НАСТАПУВААТ:</u>
ЧО ЧО САН: Доната Д'Анунцио Ломбарди – Италија
ПИНКЕРТОН: Хектор Лопез – Мексико (Романија)
ШАРПЛЕС: Армандо Пиња – Мексико
СУЗУКИ: Марика Поповиќ
ГОРО: Исмет Вејсели
БОНЗО: Невен Сиљановски
ЈАМАДОРИ: Јане Дунимаглоски
КЕЈТ ПИНКЕРТОН: Соња Пендовска Мадевска
МАЈКАТА НА ЧО ЧО САН: Валентина Димитриевска
СИНОТ НА ЧО ЧО САН:
КОМЕСАР: Марко Димовски
ОФИЦЕР: Марко Гапо
СЛУГА: Дарко Станојловски , Борко Биџовски
МОРНАР: Филип Мирчевски, Никола Чедомировски
САМУРАИ: Шинаси Рамдан, Васко Здравков

ХОРОТ И ОРКЕСТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРА
И БАЛЕТ

# МАДАМ БАТЕРФЛАЈ

## ЏАКОМО ПУЧИНИ
## 20 МАЈ, 20 ЧАСОТ


ЛЕБЕДОВО ЕЗЕРО
П.И.ЧАЈКОВСКИ
22 МАЈ, 20 ЧАСОТ

# ЛЕБЕДОВО ЕЗЕРО

## П.И.ЧАЈКОВСКИ

## 22 МАЈ, 20 ЧАСОТ



**КРАТКА СОДРЖИНА:**

Во кралскиот дворец, се прославува полнолеството на принцот Зигфрид. Додека сите се забавуваат, тој заминува на езерото каде што живеат младите девојки кои злобниот Волшебник ги претворил во лебеди. Зигфрид ја сака нивната кралица Одета, на која ѝ го поклонил срцето, но заради магијата на Волшебникот, не може да биде со неа.

Во дворецот, кралицата организира бал, на кој принцот треба да си одбере невеста. Доаѓа Волшебникот со својата ќерка, црниот лебед Одилија. Во заедничкиот танц, Зигфрид заборава на Одета, но ненадејниот гром ќе го потсети на неа и на ветувањето кое ѝ го дал.

На брегот покрај езерото беснее бура која ги вознемирува лебедите на кои Одета им раскажува за неверството на Зигрфид. Тој доаѓа и моли за прошка. Започнува двобој со Волшебникот и го победува.

Во зората на новиот ден, двајцата млади пред кои веќе нема препреки, се опкружени со девојките од кои, со смртта на Волшебникот, е тргната и магијата.



Диригент: Едуард Амбарцумјан (Ерменија)
Кореограф: Виктор Јаременко (Украина)
Сценограф: Андреј Злобин (Украина)
Костимограф: Гана Ипатиева (Украина)
Репетитори: Марија Кичевска Шокаровска, Васил Чичиашвили, Александра Мијалкова, Марија Јосифовска Ристовска, Владимир Борисов (Украина), Саша Евтимова, Дафина Данилоска Кочевска, Билјана Басмаџиева Ковачевски
Концерт мајстор: Климент Тодороски
Светло дизајн: Милчо Александров
Инспициенти: Дубравка Шопова, Тијана Тарчуговска Георгиева

Корепетитори: Марјан Василевски, Стефан Пехчевски

НАСТАПУВААТ:
ОДЕТА/ОДИЛИЈА: Олга Челпанова (Русија)
ПРИНЦ ЗИГФРИД: Андреа Скифано (Италија)
РОТБАРТ: Дмитро Чеботар (Украина), (Балаж Лочеи – Унгарија)

НАСТАПУВААТ СОЛИСТИ, БАЛЕТСКИОТ АНСАМБЛ И ОРКЕСТАРОТ НА НАЦИОНАЛНАТА ОПЕРА И БАЛЕТ

# ЛЕБЕДОВО ЕЗЕРО

## П.И.ЧАЈКОВСКИ

## 22 МАЈ, 20 ЧАСОТ


ТРАВИЈАТА
ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ
27 МАЈ, 20 ЧАСОТ

# ТРАВИЈАТА

## ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ
## 27 МАЈ, 20 ЧАСОТ





**КРАТКА СОДРЖИНА:**

Во салонска забава во Париз, во средината на XIX век, куртизаната Виолета Валери го запознава младиот студент Алфред Жермон. Помеѓу нив планува страст, која набргу прераснува во љубов. Виолета одлучува да го напушти дотогашниот живот и со Алфред заминува да живее на село. Но, навидум идиличната атмосфера е прекината со доаѓањето на таткото на Алфред, Жорж Жермон, кој од Виолета бара таа да го напушти неговиот син. Свесна за класните разлики и растргната помеѓу љубовта и иднината на својот сакан, таа неволно го напушта и се враќа во Париз.

Не знаејќи ја вистинската причина за напуштањето и жртвата која таа ја направила за него, Алфред брутално ја навредува пред гостите на забавата кај Флора Бервоа.

По неколку месеци, додека тешко болна лежи на смртна постела, Алфред доаѓа и ја моли за прошка. Но, веќе е доцна... Среќна што повторно го гледа, таа умира во неговите прегратки.

Диригент:  Гергељ Кесељак – Унгарија
Режисер: Верена Штојбер (Германија)
Сценограф и костимограф: Софија Шнајдер (Германија)
Кореограф: Саша Ефтимова
Асс.режисер: Трајко Јордановски, Љупка Јакимовска
Асс. Диригент: Катерина Стојковска
Концерт-мајстор: Јане Бакевски
Хор-мајстор: Јасмина Горгеска
Корепетитор: Елена Сиљаноска, Јанинка Невчева, Андреја Наунов, Анастасија Грговска
Испициенти: Драган Костадиновиќ, Марко Павлевски, Катерина Бошковска
Суфлер:  Невена Георгиев, Ивана Јордановска

НАСТАПУВААТ:
ВИОЛЕТА ВАЛЕРИ: Теа Пурцеладзе – Грузија
АЛФРЕД ЖЕРМОН: Алесандро Фантони – Италија
ЖОРЖ ЖЕРМОН: Бадрал Чулунбатар – Монголија
ФЛОРА БЕРВОА: Марика Поповиќ
АНИНА: Александра Лазаровска Василевски
БАРОН ДУФОЛ: Кристијан Антовски
МАРКИЗ Д' ОБИЊИ: Драган Ампов
ГАСТОН: Никола Стојчевски
Д-Р ГРЕНВИЛ: Невен Силјановски
ЏУЗЕПЕ: Игор Гиновски
КОМЕСАРИО: Тихомир Јакимовски

ХОРОТ И ОРКЕСТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРА И БАЛЕТ

# ТРАВИЈАТА

## ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ

## 27 МАЈ, 20 ЧАСОТ


НАБУКО
ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ
31 МАЈ, 20 ЧАСОТ

# НАБУКО

## ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ
## 31 МАЈ, 20 ЧАСОТ





**КРАТКА СОДРЖИНА:**

Во 586 година п.н.е., Вавилонскиот крал Набуко го освојува Ерусалим и ги поробува Евреите. Таму се и неговата ќерка Фенена и израелскиот војсководец Исмаил, кои се заљубени. Но, во Исмаил е заљубена и полусестрата на Фенена, Абигаиле. Таа, за која се дознава дека е вонбрачно дете на Набуко, одмазднички сака да го симне од власт татка си и да го преземе тронот.

Кога Набуко, занесен од моќта на своето владеење ќе се прогласи за Бог, ќе го погоди гром и ќе му се помрачи умот. Тогаш, Абигаиле ја зема круната. Го затвора Набуко и наредува убивање на Евреите, меѓу кои и Фенена.

Врховниот свештеник на Евреите, Захарие, го штити и охрабрува својот поробен народ, кој на брегот на Еуфрат, мечтае за слобода, пеејќи ја познатата мелодија „Летни мисло, на своите крилја“.

Набуко се освестува, се кае и го моли Богот Јехова за прошка. Ја враќа слободата на Евреите и ја спасува Фенена. Во тој радосен момент, доаѓа и Абигаиле, која со последни сили бара прошка, по што умира.

Диригент: Јерухам Шаровски – Аргентина
Режисер: Ренато Бонајуто (Италија)
Сценограф: Флавио Арбети (Италија)
Костимограф: Артемио Кабаси (Италија)
Кореограф: Маја Митровска – Богојевска
Асс.Диригент : Катерина Стојковска
Асс.режисер:Тереза Гаргано (Италија),
Дејан Прошев
Концерт-мајстор: Климент Тодороски
Хор-мајстор: Јасмина Ѓорѓеска
Дизајн на светло: Милчо Александров
Вокал тренер: Давиде Делизанти (Италија)
Корепетитори: Елена Сиљаноска,
Јанинка Невчева, Андреја Наунов,
Анастасија Грговска
Испициенти: Драган Костадиновиќ,
Марко Павлевски, Катерина Бошковска
Суфлер: Невена Георгиева, Ивана Јордановска

НАСТАПУВААТ:
НАБУКО: Алберто Газале – Италија
АБИГАИЛЕ: Сузана Бранкини – Италија
ФЕНЕНА: Николина Јаневска
ИСМАИЛ: Ѓорѓи Цуцковски
ЗАХАРИЕ: Хиденори Иноуе – Јапонија
ГОЛЕМИОТ Свештеник: Диме Петров
АНА: Ана Ројдева
АБДАЛО: Никола Стојчески

ХОРОТ И ОРКЕСТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ОПЕРА И БАЛЕТ, ЖЕНСКИОТ БАЛЕТСКИ АНСАМБЛ И УЧЕНИЦИ ОД БАЛЕТСКИОТ ОДДЕЛ ПРИ ДМБУЦ „ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ – ЛУЈ“

# НАБУКО

## ЏУЗЕПЕ ВЕРДИ

## 31 МАЈ, 20 ЧАСОТ

# ВИ БЛАГОДАРИМЕ!

БУЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ БР.4, СКОПЈЕ

078 426 536 ; 02 3118 451

MARKETING@MOB.COM.MK

WWW.OPERABALET.MK



# НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

## Директор: Оливер Арсовски

**Уметнички раководител на Операта:**
м-р Дејан Стоев
**Уметнички раководител на Балетот:**
м-р Марија Кичевска Шокаровска

**Уредник на каталогот:**
д-р Александар Трајковски

**Дизајн на каталогот:**
Мабела Атанасовска Пениќ

**Скопје, 2026**

